**ЗАПИСНИК**
**од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 10.09.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Дејан Премчевски.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 32-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.08.2020 година.
2. Информација во врска со претходно прекината постапка по доставено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, со предлог-заклучок.
3. Предлог за изрекување мерка на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
4. Предлог за изрекување мерка на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
5. Предлог за изрекување мерка на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.

6. Предлог за изрекување мерка на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
7. Предлог за изрекување мерка на Трговското радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
8. Предлог за изрекување мерка на Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
9. Предлог за изрекување мерка на Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
10. Предлог за изрекување мерка на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 92 став 3 од ЗААВМУ.
11. Предлог за изрекување мерка на Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на Правилникот за заштита на малолетни лица.
12. Предлог за изрекување мерка на Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на Правилникот за заштита на малолетни лица.
13. Предлог за изрекување мерка на Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 55 став 7 од ЗААВМУ.
14. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Водоинсталатерски и електричарски услуги.
15. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Адаптивно и превентивно одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми – НАВС.
16. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа предложениот записник од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.08.2020 година.

Г-дин Фиданоски посочи три правописни лингвистички грешки во неговата дискусија кои се наоѓаа на страна 2, 3 и на страна 6 од Записникот.

Советот со прифатените забелешки од г-дин Фиданоски, со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Фетаи го усвои Записникот од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.08.2020 година, со текст како што беше предложен.

Точка 2

Г-дин Петрушевски во однос на Информацијата во врска со претходно прекината постапка по доставено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, објасни дека на почетокот на оваа година во Агенцијата беше доставено Барање за отворање на уште една национална терестријална телевизија.

Г-дин Трајчевски објасни дека има Барање за доделување дозвола, но анализата ќе покаже дали има потреба од една, две, три или повеќе телевизии или пак ќе покаже дека нема потреба од ниту една телевизија. Пристигнатото Барање беше поднесено на 11.02.2020 година, а парламентот се распушти пет дена подоцна, од страна на субјект кој веќе има дозвола за сателитско емитување. За да можеше да се реализира оваа активност требаше да се направи измена на Финансискиот план на Агенцијата и Планот за јавни набавки и да се спроведе истражување односно да се изработи Студија. Советот донесе заклучок дека по завршување на изборите и по формирање на новата Влада ќе се наврати на ова прашање. Во таа насока сега е предлогот Агенцијата да се обрати до ТВ 24 Вести за да се изјасни дали се сè уште заинтересирани. Доколку одговорот е позитивен, Агенцијата ќе ја продолжи постапката со измена на Финансиски план и Планот за јавни набавки.

Г-дин Петрушевски објасни дека од тогаш се поминати 6-7 месеци и логично е повторно да се праша подносителот, па потоа ќе се одлучува во зависност од нивниот одговор дали да продолжи постапката.

Г-дин Фетаи рече дека е добро да се погледнат барањата односно концептите и можностите на одредени телевизии дали ќе преминат на дигитална мрежа односно емитување. Во оваа насока објасни дека остварил контакт со сопственикот на ТВ Клан и бил известен дека тие имаат големи планови, веќе се при крај со инвестирањето на објектот и дека и тие исто така се заинтересирани за дигитална телевизија. Бидејќи има барање од ТВ 24 Вести, претходно имаше службено барање и од ТВ 21, побара без да прејудицира, директорот да оцени дали треба само за ТВ 24 Вести или може и за овие други телевизии да се направи промена на Финансискиот план и да се направи едно такво истражување за да се види потребата на пазарот. Бидејќи се работи за две телевизии кои претежно емитуваат програма на албански јазик, праша дали таа специфичност може да се внесе во анализата, во истражувањето на пазарот или не е потребно. Се согласи дека секое истражување Агенцијата ја чини финансии. Бидејќи сите горе долу контактираат, имаат право медиумите да ги контактираат, да ги прашаат, да се консултираат со членовите на Советот, затоа рече дека ги изнесува неговите сознанија во поглед на овие две телевизии што ги спомнал.

Г-дин Трајчевски објасни дека во Агенцијата има официјално барање од ТВ 24 Вести и според Закон за општа управна постапка мора да се одговори, односно или Советот да го прифати нивното барање или да го отфрли. Рече дека во постапката никој нема да се фаворизира, ниту пак ТВ 24 Вести ќе има повластена позиција во случај Студијата да покаже дека има потреба од една или повеќе телевизии. Затоа како што навел на почетокот, не станува збор дека ќе има доделување на една дозвола, туку Студијата ќе покаже дали има потреба за една, две, три или пак ниту една дозвола. Ова е во однос на

барањето на ТВ 24 Вести. Доколку потенцијално ТВ 24 Вести одговори дека не е заинтересирана, тогаш Советот има можност по службена должност да нарача изработка на Студија, но тоа е сосема друго прашање. Студијата ќе ги даде сите одговори за кои зборуваше г-дин Фетаи.

Г-дин Петрушевски постави прашање до директорот за појаснување. Праша ако хипотетички ТВ 24 Вести се изјасни дека не е заинтересирана за јавен конкурс, дека го повлекува барањето, а сега има дискусија од г-дин Фетаи дека има заинтересирани телевизии, дали може врз основа на дискусија на член на Совет или на предлог на член на Совет на наредната седница да се направи оваа анализа или мора според Закон да има поднесено барање од некој радиодифузер, заинтересирана страна или инвеститор?

Г-дин Трајчевски рече дека веќе одговорил на прашањето. Потребно е да има или барање од заинтересирана страна или Советот по службена должност да нарача изработка на Студија односно може и без барање да почне постапката. Доколку одговори ТВ 24 Вести тогаш изработката на Студијата ќе биде по нивно барање. Тоа значи дека не е неопходно да има барање од заинтересирана страна, Советот ако оцени може тоа да го направи по службена должност.

Г-дин Петрушевски рече дека според него треба да се почека, бидејќи за една недела нема ништо да се реши позитивно или негативно ако сега Советот одлучи. Предложи да бидат трпеливи до наредната седница, да се почека одговорот од ТВ 24 Вести и тогаш сериозно ќе го земат предвид ова што г-дин Фетаи го кажал и тогаш ќе одлучат без разлика како ќе одговори ТВ 24 Вести.

Г-дин Фетаи му се заблагодари на г-дин Петрушевски за прашањето што го поставил. Со оглед на тоа дека се разговара за нарачано истражување од страна на Агенцијата и вметнување на одредени барања за одредени идеи бидејќи Агенцијата е нарачател, предложи во идната нарачка што ќе ја има за изработка на Студија во насока каква е состојбата на пазарот, да се вметне една назнака дека конкретно има три односно две барања од сериозни телевизии во зависност од одговорот на ТВ 24 Вести и истражувањето да оди во таа насока и тогаш ќе има одговор. Слично како што имаше за радиото на државно ниво, имаше истражување со нарачка. Предложи во следната нарачка да влезе и овој негов предлог кој произлегува од неговите сознанија, дали има место за уште две телевизии кои претежно емитуваат програма на албански јазик, се разбира ако оваа специфика е од важност за истражување на пазарот и потоа да се види што ќе се покаже на крајот. Објасни дека тоа се неговите размислувања и тие пари што ќе се дадат за истражувањето да не одат непотребно, туку да има еден поконкретен одговор на тоа што потоа ќе треба да се сработи.

Г-дин Петрушевски рече дека јавната набавка во која ќе се дефинира истражувањето не е денес на дневен ред, тоа ќе биде на една од наредните седници со подготвени материјали од службата, со наведени услови за изработка на анализата. Верува дека во материјалот кој ќе биде подготвен Службата ќе ги има земено предвид денешните дискусии на г-дин Фетаи. Тогаш Советот ќе има можност да се изјасни дали го одобрува тоа или не.

Г-дин Фиданоски рече дека начелно е за предложениот заклучок за да се побара одговор од подносителот на барањето дали сè уште е заинтересиран да се отвори постапка која на крајот би резултирала со отворање на јавен конкурс за доделување на дозвола за уште една терестријална телевизија на државно ниво, под услов ако тоа Студијата го овозможи. Колку што се сеќава заклучокот од последната изработена Студија пред околу една и пол година беше дека во тој период имаше можност за доделување дозвола за телевизиски формат со сите три функции истовремено и со претежно образовен формат. Се согласи дека треба да се праша подносителот и притоа ја поддржа дискусијата на г-дин Фетаи. Претпостави дека двата радиодифузери што тој ги посочил се навистина заинтересирани. Станува збор за сериозни играчи на македонскиот медиумски пазар, исто како и ТВ 24 Вести, која 9 полни години и сега десетта опстојува во етерот. Колку што му е нему познато ТВ 24 Вести неколку пати има поднесено барање за доделување на терестријална дозвола, што значи дека е заинтересирана за такво нешто, но сепак повторно треба да се праша дали стои на тоа. Предложи, не знае дали ќе се согласи г-дин Фетаи или другите колеги, заради добрата пракса ако ТВ 24 Вести се повлече во овој момент од барањето, за да се измени Финансискиот план и да се нарача Студија за оправданост за доделување на дозвола, добро би било едниот или двата радиодифузери формално да поднесат барање. Досега таква била праксата, да се поднесе барање доколку некој е заинтересиран за доделување терестријална дозвола и од тие причини Агенцијата да порача да се изработи Судија за оправданост за доделување на таква дозвола. Повторно рече дека од тие причини ќе даде поддршка за овој заклучок и за дискусијата на г-дин Фетаи, но смета дека би било најцелисходно некој од нив таа своја силна заинтересираност во која не се сомнева да ја преточат во формално барање под услов доколку ТВ 24 Вести се повлече. Она што го кажал г-дин Трајчевски останува, не значи дека подносителот на барањето ќе биде фаворизиран. На крајот ако има основа да се отвори конкурс, на конкурсот сите партиципиенти се рамноправни и во таа трка сите ќе учествуваат под еднакви услови.

Г-дин Петрушевски рече дека сите дискусии одат во прилог на тоа да се усвои денешниот предлог и останува да бидат трпеливи. Предлогот на г-дин Фиданоски е сосема во ред и дискусијата исто така од г-дин Фетаи и се надева дека и самите телевизии ќе го прифатат она што го кажал г-дин Фиданоски, ќе го збогатат ова барање што постои од ТВ 24 Вести и ќе има повеќе заинтересирани страни. Така ќе може да се спроведе јавна набавка преку која ќе се направи подетална анализа, постручна за тоа какви се телевизии има простор да влезат на нашиот пазар.

Советот на Агенцијата ја усвои Информацијата бр.08-55 од 07.09.2020 година во врска со претходно прекината постапка по доставено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс и едногласно донесе заклучок да се побара од ТВ 24 Вести ДОО Штип да ја извести Агенцијата дали сé уште постои интерес од нивна страна за доделување на дозвола за телевизиско емитирање на програмски сервис на терестријална телевизија.

**Точки 3, 4, 5, 6 и 7**

Г-дин Трајчевски процедурално предложи раководителката Јаневска да даде едно заедничко образложение за точките 3, 4, 5, 6 и 7 затоа што станува збор за прекршок на ист член од ЗААВМУ, потоа исто така и за точките 8, 9 и 10 а за 11 и 12 посебно образложение додека дискусијата и гласањето да бидат за секоја телевизија посебно.

Г-дин Петрушевски и раководителката Јаневска се согласија со предлогот.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека сите предложени извештаи од Дневниот ред се од редовен програмски надзор анализирани во јули и август оваа година. **Точката 3** се однесува на МРТ2 и со надзорот е констатирано дека во прилог кој се однесува на најави за странски филмови не е обезбеден превод на албански јазик на кратките исечоци од филмовите кои се емитуваа изворно на англиски јазик. На радиодифузерот согласно Законот е предложено изрекување мерка јавна опомена со рок за усогласување со Законот од 15 дена од денот на приемот на решението и потоа де се изврши контролен надзор и да се утврди дали радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена. Од радиодифузерот беше побарано изјаснување согласно член 23 од ЗААВМУ и радиодифузерот испрати допис во кој објаснува дека станува збор за превид на авторот на емисијата и велат дека ќе преземат мерки да не се повторат ваквите грешки во иднина. **Точка 4** - кај ТВ Сонце исто така е прекршен член 64 кој се однесува на јазикот на емитување на програмата, во две репризи на емисијата „Јади бурек" се емитувани изјави на Емилија Џексон (победничка на кулинарското шоу „Мастер шеф" во Австралија) и на Боби Андонов (пејач, учесник во музичко талент шоу во Австралија) како и разговори со нив емитувани на некоја австралиска телевизија, кои се емитувани изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. И за овој радиодифузер се предлага мерка јавна опомена со рок од 15 дена за изјаснување и потоа да се изврши контролен надзор. И ТВ Сонце се изјасни и во образложението кое што е приклучено во материјалите за седницата, образложува дека станува збор за превид и дека преземат мерки за отстранување на грешките. **Точка 5** - кај ТВ Шутел прекршокот е направен со емитување на цртаните филмови „Каспер и пријателите" кои беа емитувани изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на ромски јазик или на македонски јазик на коишто медиумот емитува програма согласно дозволата. И за овој радиодифузер е предложена мерка јавна опомена со рок од 15 дена за усогласување со Законот и потоа повторно контролен надзор. И ТВ Шутел испрати допис дека го примиле извештајот и дека ќе водат сметка за забелешките на Агенцијата. **Точка 6** - кај ТВ Полог исто така член 64 став 1 е прекршен со емитување на цртаните филмови „Том и Џери" (Tom and Jerry), деловите во кои има говор се дадени изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански или македонски јазик, јазиците на коишто медиумот емитува програма согласно дозволата. ТВ Полог испрати допис да му се појасни во кои делови од цртаните филмови е направен прекршокот на Законот и при тоа му беше испратен детален одговор со точните времетраења на деловите на англиски јазик кои не беа преведени на албански или на македонски јазик. **Точка 7** – кај ТВ КИСС и МЕНАДА прекршокот е направен во музички блок составен од песни на групата „4 аса" при што не е обезбеден превод од хрватски јазик на македонски јазик на дијалозите помеѓу членовите на групата кои се емитуваат помеѓу нивните песни. Исто така во текот на денот 11 пати меѓу другите беа емитувани и

промотивни најави на филмовите „Алтамира“, „I heart huckabees“, „Најдоброто од Ева“ кои беа емитувани изворно на шпански односно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. И за овој радиодифузер се предлага јавна опомена со рок за усогласување од 15 дена од денот на приемот на решението за мерка и контролен надзор по завршување на рокот за усогласување.

***- гласање по Точка 3***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3197/1 од 12.08.2020 година и едногласно заклучи на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, затоа што на 23 јули 2020 година, во рамки на емисијата „Добро утро“ („Mirëmëngjes!“) во прилог во кој беа прикажани предлози за странските филмови: Dumplin, Murder Mustery, The Perfect Date, Rough Night, The Notebook, What/if, The Good Place, Revenge, 7 Days Out и Homecoming, наративниот дел од прилогот беше емитуван на албански јазик, а кратките исечоци од филмовите беа прикажани изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански јазик.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на радиодифузерот му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

***- гласање по Точка 4***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3195/1 од 12.08.2020 година и едногласно заклучи на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, затоа што на 23 јули 2020 година, во две репризи на емисијата „Јади бурек“ се емитувани изјави на Емилија Џексон (победничка на кулинарското шоу „Мастер шеф“ во Австралија) и на Боби Андонов (пејач, учесник во музичко талент шоу во Австралија) како и разговори со нив емитувани на некоја австралиска телевизија, кои се емитувани изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на радиодифузерот му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

***- гласање по Точка 5***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3284/1 од 21.08.2020 година и едногласно заклучи на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, затоа што на 12 август 2020 година, цртаните филмови „Каспер и пријателите" беа емитувани изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на ромски јазик или на македонски јазик на коишто медиумот емитува програма согласно дозволата.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на радиодифузерот му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

***- гласање по Точка 6***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3286/1 од 21.08.2020 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, затоа што на 10 август 2020 година, во цртаните филмови „Том и Џери"

(Tom and Jerry), деловите во кои има говор се дадени изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански или македонски јазик, јазиците на коишто медиумот емитува програма согласно дозволата.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на радиодифузерот му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

***- гласање по Точка 7***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3285/1 од 21.08.2020 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, затоа што на 12 август 2020 година, во музичкиот блок составен од песни на групата „4 аса" не е обезбеден превод од хрватски јазик на македонски јазик на дијалозите помеѓу членовите на групата кои се емитуваат помеѓу нивните песни. Исто така во текот на денот 11 пати меѓу другите беа емитувани и промотивни најави на филмовите „Алтамира", „I heart huckabees", „Најдоброто од Ева" кои беа емитувани изворно на шпански односно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на радиодифузерот му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 8, 9 и 10**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека прекршувањата на чл.92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ се однесуваат на правилата за емитување на македонски аудиовизуелни дела и се констатирани со редовните надзори, реализирани во јули и во август. **Точка 8** - кај ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје на 23 јули е констатирано дека не емитува најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку од половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела не ја емитувал во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Со надзорот кај радиодифузерот е констатирано дека квотата на емитувана изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела е 20,17%. **Точка 9** - кај ТВ-КАНАЛ ВИС исто така станува збор за прекршување на двата става од членот 92, ставот 1 кој што се однесува на квотата најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела и на ставот 3 кој што се однесува на обврската најмалку половина од овој законски минимум од 30% да се емитува во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Со надзорот кој е направен на 12 август е констатирано дека квотата била 14,82%. **Точка 10** - што се однесува до ТВ ШУТЕЛ објасни дека прекршокот е направен само на ставот 3 а тоа е обврската половина од најмалку 30% изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела да се емитуваат во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Инаку денот кога е направен надзорот, на 12 август ТВ ШУТЕЛ емитувал 46,27% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, меѓутоа не ја емитувал во периодот од 07:00 до 19:00 часот, односно 01:26:12 секунди помалку од потребниот минимум. Посочи дека за сите овие три радиодифузери е предложено изрекување мерка јава опомена со рок за усогласување од 30 дена од денот на приемот на решението и со предлог да се изврши контролен надзор по завршување на рокот за усогласување.

***- гласање по Точка 8***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.10-3192/1 од 12.08.2020 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 23 јули 2020 година не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на радиодифузерот му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

***- гласање по Точка 9***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.10-3282/1 од 21.08.2020 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 12 август 2020 година не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на радиодифузерот му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

***- гласање по Точка 10***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3283/1 од 21.08.2020 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 92 став 3 од ЗААВМУ, затоа што на 12 август 2020 година не емитуваше половина од изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7:00 до 19:00 часот.

Во согласност со точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година на радиодифузерот му се му наложи во рок од 30 дена по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 11 и 12**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска во врска со **Точка 11** објасни дека кај КОМПАНИ 21-М со надзорот направен на 22 јули е констатиран прекршок на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, односно констатирано е дека не ги означил промотивните најави за два играни серијали со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица. Во однос на **Точка 12** објасни дека со надзорот пак кај ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА е констатиран прекршок исто така на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, но на членовите 16 и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Со надзорот извршен на 22 јули е констатирано дека епизода од еден игран серијал е емитувана во несоодветен програмски термин, на ова се однесува членот 16 од Правилникот, а најавите за истиот овој серијал се емитувани повеќе пати во денот, но не се означени со соодветна предупредувачка сигнализација за заштита на малолетниците. За двата радиодифузери се предлага изрекување мерка јавна опомена, со рок за усогласување согласно Упатството од 30 дена од денот на приемот на Решението за мерка и да се изврши контролен надзор по рокот за усогласување, за да се утврди дали субјектите на надзор ќе се усогласат со Законот и со Правилникот.

***- гласање по Точка 11***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3164/1 од 10.08.2020 година и едногласно заклучи на Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетни лица, затоа што на 22 јули 2020 година не ги означи промотивните најави за серијалите „Kalbimdeki Deniz“ и „Şampiyon“ со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

***- гласање по Точка 12***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3166/1 од 10.08.2020 година и едногласно заклучи на Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетни лица, затоа што на 22 јули 2020 година епизода од играниот серијал „Laila – Huerfanos de su tierra" беше емитувана во несоодветен програмски термин а најавите за серијалот не беа означени со соодветна предупредувачка сигнализација.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, на радиодифузерот му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 13**

Раководителката Јаневска објасни дека прекршокот кај ТВ Шења се однесува на правилата за пласирање производи. Со надзорот реализиран на 22 јули е констатирано дека во емисијата „Софра" емисија за кулинарство им се придава претерана важност, истакнување на повеќе пласирани производи во рамки на емисијата. За радиодифузерот се предлага изрекување мерка јавна опомена со рок за усогласување од 30 дена и повторно

да се изврши контролен надзор за да се провери дали ќе го усогласи работењето со Законот и со Упатството за пласирани производи.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3167/1 од 10.08.2020 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 55 став 7 од ЗААВМУ, затоа што на 22 јули 2020 година во емисијата „Sofra" им се придаваше претерана важност (истакнување) на пласираните производи „Bora", „RC", „Caffe Bravo", „Alpsko", „Uka", „President", „Floil", „Bonetti", „Izvor" (еврозачин), „Prima Castro", „Be-Sa" и др.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка опомена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Упатството за примена на одредбите за пласирање производи.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 14**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Водоинсталатерски и електричарски услуги. Објасни дека станува збор за тековна набавка која што е предвидена во Годишниот план за јавни набавки. Средствата се предвидени во финансискиот план на Агенцијата. Според вредноста на средствата кои што се предвидени, набавката ќе се спроведе како набавка од мала вредност. Во техничката спецификација која што е доставена во рамките на материјалите, наведен е детален опис на истата а во Одлуката наведени се сите податоци во однос на членови на Комисија и се друго што е потребно да се одржи истата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Водоинсталатерски и електричарски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – услуга: Водоинсталатерски и електричарски услуги е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-460/5 од 06.05.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 15**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Адаптивно и превентивно одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми – НАВС. Објасни дека и оваа набавка се спроведува секоја година и е предвидена во Годишниот план за јавни набавки. Средствата се предвидени во финансискиот план на Агенцијата. Набавката според проценетата вредност и предвидените средства ќе се спроведе како набавка од мала вредност. Во техничката спецификација што е доставена има детален опис како би требала да се спроведе оваа набавка. Во Предлог-одлуката наведени се податоци за членовите на Комисијата. Со оваа набавка ќе се обезбеди непрекината работа на системот кој Агенцијата го користи за анализа на радио и телевизиските програмски сервиси на радиодифузерите.

Г-дин Петрушевски објасни дека во материјалите има опис на барањето и се работи за неколку стотини илјади денари на годишно ниво. Посочи дека овој софтвер не е од ЕУ туку некој вид на негово надополнување кој Агенцијата го користи со години наназад.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Адаптивно и превентивно одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми – НАВС.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – услуга: Адаптивно и превентивно одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми – НАВС е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-460/5 од 06.05.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 16**
**Разно**

- Г-дин Фиданоски го осуди синоќешниот напад на новинарската екипа на ТВ Ал Џазира што се случи во центарот на Скопје. Посочи дека новинарите не смеат да бидат „глинени гулаби" и мета на некои насилници кои што се особено силни во толпа, не смеат да бидат предмет на физички или било кој друг атак. Како што рече на новинарите треба да им биде овозможено во безбедни услови да си ја вршат нивната работа затоа што тие таму се за да ја известат јавноста за сите збиднувања кои што се случуваат во државата. Тие ја обавуваат својата основна мисија, а тоа е да ја известуваат јавноста. Објасни дека го видел соопштението кое Агенцијата го има објавено на веб страницата и го има испратено до јавноста со кое го осудува вчерашниот напад на новинарската екипа на Ал Џазира и тоа го поздравува. Рече, се додека има неказнивост за нападите врз новинарите, ќе има проблем и со слободата на изразување и со позицијата на државата на листата на земји за степенот на слобода на тоа искажување. Колку што му е познато постои одредена иницијатива од еснафските здруженија за измена на кривичниот закон во кој што напад на новинарска екипа на работна задача ќе се смета за или ќе се третира како напад

на службено лице, и доколку е така рече дека тоа со задоволство јасно и гласно ќе го поддржи.

Г-дин Петрушевски рече дека реакцијата на Агенцијата беше уште рано наутро објавена, а дополнително прочитал и дека е најден сторителот или сторителите на нападот и дека Министерството за внатрешни работи ќе си поведе постапка на суд за оваа работа. Настанот го осуди а за реакцијата на јавноста и на МВР рече дека е добра.

- Г-дин Трајчев рече дека е нормална постапка сите членови на Советот да го осудат нападот врз новинарите за кој што Агенцијата официјално реагираше. Објасни дека неговата дискусија е во врска со Точката 2 која претходно ја изгласале. Укажа дека согласно член 70 став 5 од ЗААВМУ во врска со Студијата, Агенцијата е должна истата да ја изработи во рок од 3 месеци со денот на приемот на барањето и да ја објави на својата веб страница. Посочи да се внимава на овој рок, Агенцијата да се подготви брзо, да ги реализира сите оние постапки на набавка за да Студијата стигне во рокот кој што со Законот се задолжени да го почитуваат. Објасни дека ова е едно укажување и затоа и под разно се јавил за дискусија, а не во рамки на точката, затоа што од друга страна е оправдано што Советот бараше подносителот да се произнесе дали останува на неговото барање, за да не се прават непотребни трошоци од страна на Агенцијата. Но, рече, мора како Совет и Агенција да го имаат предвид овој член од Законот.

Г-дин Трајчевски објасни дека денот на приемот на одговорот од ТВ 24 ВЕСТИ ќе се смета за почетен ден од кога ќе течат 90-те дена. Доколку евентуално се случи да нема никаков одговор, што би се толкувало дека телевизијата не е веќе заинтересирана, останува втората опција, ако Советот смета по службена должност да ја започне постапката. И од тогаш исто ќе се смета почеток на тие 90 дена.

Г-дин Трајчев објасни дека по Законот за општа управна постапка, барањето ги обврзува, независно дали тие нема да одговорат, но повторно се смета дека постои барање. Објасни дека ова треба добро да се провери за да не дојде Советот во ситуација да не испочитува некој рок.

Бр. 02-3393/16
25.09. 2020 година
Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ